**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **ПРЕДЛАГАЧ:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **ИЗГОТВУВАЧ:** | Сектор за планирање и уредување на просторот |
| **ПРЕТСТАВНИК:** | Звонимир Цветановски<br>Раководител на Секторот за планирање и уредување на просторот |

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за асфалтирање на улици во населба Усје, Општина Кисела Вода

Скопје, август 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 и член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ седница, одржана на _______ 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за асфалтирање на улици во населба Усје, Општина Кисела Вода

### Член 1

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Кисела Вода за уредување на начинот на финансирање и други прашања во остварување на заедничката цел и интерес за асфалтирање на улици во населба Усје, Општина Кисела Вода.

### Член 2

Проценетата вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа Одлука, изнесува 5.400.000,00 (пет милиони и четиристотини илјади) денари со вклучен ДДВ.

Градот Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 5.000.000,00 (пет милиони) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Општина Кисела Вода во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 400.000,00 (четиристотини илјади) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2022 година, како и решавање на можните имотно-правни односи.

Средствата од ставовите 2 и 3 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип, а работите ќе ги изведе ЈП Улици и Патишта – Скопје, за што Град Скопје ќе склучи договор за реализација на работите.

### Член 3

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Градот Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општината Кисела Вода, во форма и содржина пропишана во Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __________
________ 2022година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Правен основ за донесување на оваа Одлука е членот 36 и членот 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“број 5/02), и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ број 79/09), согласно кои Советот на Град Скопје е надлежен за донесување на одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка заради остварување на заеднички интереси и вршење на заеднички работи од надлежност на општините. За остварување на заеднички интереси и цели во вршењето на надлежностите, општините здружуваат финансиски и материјални средства. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка донесува секој од советите на општините. Поаѓајќи од таквата можност, а аргументирана од страна на Градот Скопје и Општината Кисела Вода како проект во рамките на редовна стручна соработка, го оценуваат како еден од заедничките приоритети.

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на проектот за асфалтирање на улици во населба Усје, Општина Кисела Вода во Општина Кисела Вода потребни се 5.400.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје ќе ги обезбеди од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука.